EPSON
EXCEED YOUR VISION

Водич за администратори

NPD5668-00 MK

Содржина

Содржина

Додаток

Напредни безбедносни поставки за претпријатија

Авторски права

Трговски марки

- ❏ EPSON® е регистрирана заштитена трговска марка, а EPSON EXCEED YOUR VISION или EXCEED YOUR VISION е заштитена трговска марка на корпорацијата Seiko Epson.
- ❏ Epson Scan 2 software is based in part on the work of the Independent JPEG Group.
- ❏ Google Cloud Print™, Chrome™, Chrome OS™, and Android™ are trademarks of Google Inc.
- ❏ Microsoft®, Windows®, Windows Server®, and Windows Vista® are registered trademarks of Microsoft Corporation.
- ❏ Apple, Macintosh, Mac OS, OS X, AirMac, Bonjour, and Safari are trademarks of Apple Inc., registered in the U.S. and other countries. AirPrint is a trademark of Apple Inc.
- ❏ Општо известување: Останатите имиња на производи што се употребени овде се наменети само за идентификување и може да се трговски марки на нивните сопственици. Epson се одрекува од сите права на овие марки.

Во врска со овој прирачник

Ознаки и симболи

> ***Внимание:***
> *Упатства коишто мора да ги следите внимателно за да избегнете телесна повреда.*

> ***Важно:***
> *Упатства коишто мора да ги следите за да избегнете оштетување на опремата.*

Белешка:
Упатства коишто содржат корисни совети и ограничувања за функционирањето на скенерот.

Поврзани информации

➡ Со кликнување на оваа икона имате пристап до поврзаните информации.

Описи што се користат во прирачникот

❏ Кадрите на екранот од двигателот за скенерот и екраните за Epson Scan 2 (двигателот за скенерот) се од Windows 10 или OS X El Capitan. Содржината што е прикажана на екраните се разликува во зависност од моделот и ситуацијата.

❏ Илустрациите коишто се користат во прирачников се само примери. Иако може да има мали разлики, зависно од моделот, начинот на ракување е ист.

❏ Некои од ставките на менито на LCD-екранот се разликуваат, зависно од моделот и поставките.

Референци за оперативни системи

Windows

Во овој прирачник термините како на пример „Windows 10“, „Windows 8.1“, „Windows 8“, „Windows 7“, „Windows Vista“, „Windows XP“, Windows Server 2016, „Windows Server 2012 R2“, „Windows Server 2012“, „Windows Server 2008 R2“, „Windows Server 2008“, „Windows Server 2003 R2“ и „Windows Server 2003“ се однесуваат на следниве оперативни системи. Освен тоа, „Windows“ се користи како референца за сите верзии.

❏ Microsoft® Windows® 10 оперативен систем

❏ Microsoft® Windows® 8.1 оперативен систем

❏ Microsoft® Windows® 8 оперативен систем

❏ Microsoft® Windows® 7 оперативен систем

❏ Microsoft® Windows Vista® оперативен систем

Во врска со овој прирачник

- ❏ Microsoft® Windows® XP оперативен систем
- ❏ Microsoft® Windows® XP Professional x64 Edition оперативен систем
- ❏ Microsoft® Windows Server® 2016 оперативен систем
- ❏ Microsoft® Windows Server® 2012 R2 оперативен систем
- ❏ Microsoft® Windows Server® 2012 оперативен систем
- ❏ Microsoft® Windows Server® 2008 R2 оперативен систем
- ❏ Microsoft® Windows Server® 2008 оперативен систем
- ❏ Microsoft® Windows Server® 2003 R2 оперативен систем
- ❏ Microsoft® Windows Server® 2003 оперативен систем

Mac OS

Во овој прирачник, „Mac OS“ се однесува на macOS Sierra, OS X El Capitan, OS X Yosemite, OS X Mavericks, OS X Mountain Lion, Mac OS X v10.7.x и Mac OS X v10.6.8.

Вовед

Manual Component

Овој прирачник е за администраторот на уредот којшто е задолжен за поврзување на печатачот или скенерот со мрежата и содржи информации за тоа како да правите поставки за да ги употребувате функциите.

Видете го *Упатство за корисникот* околу информации за искористеност на функцијата.

Подготовка

Се објаснуваат задачите на администраторот, како да ги поставува уредите и софтверот за управување.

Конекција

Се објаснува како да се поврзе уред со мрежа или телефонска линија. Исто така, се објаснува средината на мреќата како што е употребата на порти за уредот, информации за DNS и прокси серверот.

Поставки за функција

Се објаснуваат поставките за секоја функција на уредот.

Основни безбедносни поставки

Се објаснуваат поставките за секоја функција, како што е печатење, скенирање и праќање факс.

Поставки за работење и менаџирање

Се објаснуваат операциите откако ќе се започне со употреба на уреди, како што е проверката на информации и одржувањето.

Решавање на проблеми

Се објаснуваат поставките за иницијализацијата и решавањето проблеми за мрежата.

Напредни безбедносни поставки за претпријатија

Се објаснува методот на поставки за подобрување на безбедноста на уредот, како што е употреба на CA сертификат, SSL/TLS комуникација и IPsec/IP филтрирање.

Во зависност од моделот одредени функции во ова поглавје не се поддржани.

Дефиниции на термини користени во овој водич

Во овој водич се користат следниве термини.

Администратор

Лицето задолжено за инсталирање и поставување на уредот или мрежата во канцеларија или организација. Во случај на мали организации ова лице може да е задолжено за администрирање и со уредот и со мрежата. Во случај на големи организации администраторите имаат авторитет над мрежата или уредите во

групната единица составена од оддел или дивизија, а администраторите за мрежата се задолжени за поставките за комуникацијата пошироко од самата организација, како, на пример, интернетот.

Администратор за мрежа

Лицето задолжено за контрола на комуникацијата во мрежата. Лицето што го поставува рутерот, proxy серверот, DNS серверот и серверот за пошта за да се постигне контрола над комуникацијата на интернет или во мрежата.

Корисник

Лицето што ги користи уредите како печатачите или скенерите.

Web Config (веб-страница за уредот)

Веб-серверот што е направен во уредот. Се нарекува Web Config. На него може да го проверите и да го промените статусот на печатачот со помош на прелистувачот.

Алатка

Генерички термин за софтвер за поставување или менаџирање со уред, како што е Epson Device Admin, EpsonNet Config, EpsonNet SetupManager, итн.

Push скенирање

Генерички термин за скенирање од контролниот панел на уредот.

ASCII (Американски стандарден код за размена на информации)

Еден од стандардните кодови за карактери. Дефинирани се 128 карактери, вклучувајќи карактери како азбучни букви (a–z, A–Z), арапски броеви (0–9), симболи, празни карактери и контролни карактери. Кога во овој водич се опишува „ASCII“, индицира 0x20–0x7E (хексадецимален број) именувано подолу и не вклучува контролни карактери.

SP*	!	"	#	$	%	&	‘	(	)	*	+	,	-	.	/
0	1	2	3	4	5	6	7	8	9	:	;	<	=	>	?
@	A	B	C	D	E	F	G	H	I	J	K	L	M	N	O
P	Q	R	S	T	U	V	W	X	Y	Z	[	\	]	^	_
`	a	b	c	d	e	f	g	h	i	j	k	l	m	n	o
p	q	r	s	t	u	v	w	x	y	z	{	|	}	~	

* Знак за празно место.

Unicode (UTF-8)

Интернационален стандарден код што ги опфаќа главните глобални јазици. Кога се опишува „UTF-8“ во овој водич, тој индицира карактери за кодирање во UTF-8 формат.

Подготовка

Ова поглавје ја објаснува улогата на администраторот и подготовката пред да се направат поставките.

Текот на поставките и менаџирањето со скенерот

Администраторот ги прави поставките за мрежната конекција, иницијалното поставување и одржувањето за скенерот за да може да биде достапен на корисници.

1. Подготовка
   - ❏ Собирање информации за поставувањето на конекцијата
   - ❏ Одлучување околу методот на конекција
2. Поврзување
   - ❏ Мрежна конекција од контролниот панел на скенерот
3. Поставување на функциите
   - ❏ Поставки за скенерот на печатачот
   - ❏ Други напредни поставки
4. Безбедносни поставки
   - ❏ Администраторски поставки
   - ❏ SSL/TLS
   - ❏ Контрола на протокол
   - ❏ Напредни безбедносни поставки (опционално)
5. Работење и менаџирање
   - ❏ Проверување на состојбата на драјверот
   - ❏ Ракување при итни случаи
   - ❏ Резервна копија на поставките за уредот

Поврзани информации

➡ „Подготовка“ на страница 10
➡ „Конекција“ на страница 15
➡ „Поставки за функција“ на страница 22
➡ „Основни безбедносни поставки“ на страница 32
➡ „Поставки за работење и менаџирање“ на страница 40

Пример за средина на мрежата



(A): Канцеларија 1

❏ (A) – 1: LAN 1

❏ (A) – 2: LAN 2

(B): Канцеларија 2

❏ (B) – 1: LAN 1

❏ (B) – 2: LAN 2

(C): WAN

(D): Интернет

Пример за поставка за воведување на конекција на скенер

Има два типа на конекција во зависност од тоа како го користите скенерот. И на двата начина може да го поврзете скенерот на мрежата со компјутер преку hub.

❏ Конекција со сервер/клиент (скенер со Windows сервер, управување со задачи)

❏ Peer to Peer конекција (директна конекција од компјутер на клиент)

Поврзани информации

➡ „Конекција со сервер/клиент“ на страница 12

➡ „Peer to Peer конекција“ на страница 12

Конекција со сервер/клиент

Централизирајте го скенерот и уредувањето на задачата со Document Capture Pro Server инсталиран на серверот. Најпогоден е за работи за коишто се употребуваат повеќе секнери за скенирање на голем број на документи во одреден формат.

Поврзани информации

➡ „Дефиниции на термини користени во овој водич“ на страница 8

Peer to Peer конекција

Користете поединечен скенер со двигател за скенер како на пример Epson Scan 2 инсталиран на компјутерот на клиент. Со инсталирање на Document Capture Pro (Document Capture) на компјутерот на клиент може да вршите задачи на поединечните компјутери на клиент на скенерот.

Поврзани информации

➡ „Дефиниции на термини користени во овој водич“ на страница 8

Подготовка на конекција за мрежа

Собирање информации за поставувањето на конекцијата

За мрежната конекција треба да имате IP адреса, адреса на капија итн. Проверете го следново однапред.

Поделби	Ставки	Забелешка
Метод на поврзување уред	❏ Ethernet	Користете кабел од категорија 5e или повисок STP (Shielded Twisted Pair) за Ethernet конекција.
Информации за LAN конекција	❏ IP адреса ❏ Подмрежна маска ❏ Стандардна капија	Ако автоматски ја поставите IP адресата со функцијата DHCP на рутерот, тогаш не е потребно.
Информации за DNS сервер	❏ IP адреса за примарен DNS ❏ IP адреса за секундарен DNS	Ако употребувате статична IP адреса, конфигурирајте го DNS серверот. Конфигурирајте кога назначувате автоматски со помош на функцијата DHCP и кога DNS серверот не може да биде назначен автоматски.
Информации за Proxy сервер	❏ Име на Proxy сервер ❏ Број на порта	Конфигурирајте кога употребувате proxy сервер за интернет конекција и кога ја употребувате услугата Epson Connect или функцијата за автоматско ажурирање на фирмверот.

Спецификации на скенерот

За спецификацијата дека скенерот поддржува стандарден режим или режим на конекција, видете *Упатство за корисникот*.

Употреба на број на порта

Види „Додаток“ за бројот на порта којашто ја употребува скенерот.

Поврзани информации

➡ „Употреба на порта за скенерот“ на страница 60

Назначување тип на IP адреса

Постојат два типа за назначување IP адреси за скенер.

Статична IP адреса:

Назначете ја претходно одредената уникатна IP адреса за скенерот.

IP адресата не е променета дури и кога се исклучуваат скенерот или рутерот за да може да управувате со уредот преку IP адреса.

Овој тип одговара за мрежа каде што се управува со голем број скенери како што е голема канцеларија или училиште.

Автоматско назначување преку DHCP функција:

Правилната IP адреса се назначува автоматски кога е успешна комуникацијата меѓу скенерот и рутерот којшто поддржува DHCP функција.

Ако е непригодно да се смени IP адреса за одреден уред, резервирајте ја IP адресата однапред и потоа назначете ја.

DNS сервер и Proxy сервер

Ако употребувате сервис за поврзување со интернетот, конфигурирајте го DNS серверот. Ако не го конфигурирате, треба да ја наведете IP адресата за пристапување бидејќи разрешувањето на името може да биде неуспешно.

Proxy серверот е поставен на преминот меѓу мрежата и интернетот и комуницира со компјутерот, скенерот, интернетот (спротивен сервер) во име на секое од нив. Спротивниот сервер комуницира само со proxy серверот. Според тоа, информациите за скенерот како што е IP адресата и бројот на порти не може да се прочита и се очекува зголемена безбедност.

Можете да забраните пристап до специфични URL со помош на функцијата за филтрирање, бидејќи proxy серверот може да ја провери содржината на комуникацијата.

Метод за поставување на мрежна конекција

Продолжете на следниов начин околу поставките за конекција за IP адреса на скенер, подмрежна маска и вообичаена капија.

Употреба на контролниот панел:

Конфигурирајте ги поставките за секој скенер со помош на контролниот панел. Поврзете се со мрежата по конфигурирањето на поставките за конекција на скенерот.

Подготовка

Употреба на датотеката за инсталација:

Ако е употребена датотеката за инсталација, мрежата на скенерот и компјутерот на клиентот се поставуваат автоматски. Поставката е достапна ако се следат инструкциите за датотеката за инсталација, дури и ако немате големи познавања од мрежата.

Употреба на алатка:

Употребете алатка од компјутерот на администраторот. Можете да откриете скенер и потоа да го поставите скенерот или да содадете SYLK датотека за да правите групни поставки за печатачи. Можете да поставите многу скенери, но треба да бидат физички поврзани со Ethernet кабел пред поставување. Според тоа, ова се препорачува ако можете да направите Ethernet за поставката.

Поврзани информации

- „Поврзување со мрежата преку контролниот панел“ на страница 15
- „Поврзување со мрежата со помош на датотеката за инсталација“ на страница 19
- „Назначува на IP адреса со EpsonNet Config“ на страница 56

Конекција

Ова поглавје ја објаснува средината или процедурата на поврзување на скенерот со мрежата.

Поврзување со мрежа

Поврзување со мрежата преку контролниот панел

Поврзете го скенерот преку контролниот панел на скенерот.

За повеќе детали околу контролниот панел на скенерот, погледнете во *Упатство за корисникот*.

Назначување на IP адресата

Поставете основни ставки како IP адреса, Маска на подмрежа, и Стандарден излез.

1. Вклучете го скенерот.
2. Придвижете го екранот кон десно на контролниот панел на скенерот и потоа допрете на **Поставки**.

3. Допрете **Поставки за мрежа** > **Промени поставки**.

   Ако ставката не е прикажана, благо придвижете го нагоре екранот за да се прикаже.

4. Допрете **TCP/IP**.



5. Одберете **Рачно** за **Добиј IP Адреса**.



Белешка:
Кога автоматски ја поставувате IP адресата со функцијата DHCP на рутерот, одберете ***Автоматски****. Во тој случај* ***IP адреса****,* ***Маска на подмрежа****, и* ***Стандарден излез*** *од чекорите 6 до 7 се исто така автоматски извршени, така што преминете на чекорот 8.*

6. Допрете на полето **IP адреса**, внесете ја IP адресата со помош на тастатурата прикажана на екранот и допрете на **Во ред**.



Потврдете ја вредноста прикажана на претходниот екран.

7. Поставете ги **Маска на подмрежа** и **Стандарден излез**.

   Потврдете ја вредноста прикажана на претходниот екран.

   Белешка:
   *Ако кобминацијата на IP адреса, Маска на подмрежа и Стандарден излез е неправилна, **Започни со поставување** е неактивно и не може да се продолжи со поставките. Потврдете дека нема грешка во внесеното.*

8. Допрете на полето **Примарен DNS** за **DNS Сервер**, внесете ја IP адресата за примарниот DNS сервер со помош на тастатурата прикажана на екранот и потоа допрете на **Во ред**.

   Потврдете ја вредноста прикажана на претходниот екран.

   Белешка:
   *Кога одбирате **Автоматски** за поставките за назначување на IP адреса, можете да ги одберете поставките за DNS сервер од **Рачно** или **Автоматски**. Ако не можете автоматски да добиете адреса за DNS сервер, одберете **Рачно** и внесете ја адресата за DNS серверот. Потоа директно внесете ја втората адреса за DNS сервер. Ако одберете **Автоматски**, одете на чекор 10.*

9. Допрете на полето **Секундарен DNS**, внесете ја IP адресата за секундарниот DNS сервер со помош на тастатурата прикажана на екранот и потоа допрете на **Во ред**.

   Потврдете ја вредноста прикажана на претходниот екран.

10. Допрете **Започни со поставување**.

11. Допрете на **Затвори** на екранот за потврда.

    Екранот автоматски се затвора по одреден временски период ако не допрете на **Затвори**.

Поврзување со Ethernet

Поврзете го скенерот со мрежата со употреба на Ethernet кабел и проверете ја конекцијата.

1. Поврзете го скенерот и hub (прекинувач L2) преку Ethernet кабел.

   Иконата на почетниот екран се менува во  .

2. Допрете на  од почетниот екран.

3. Придвижете екранот нагоре и погрижете се дека статусот на конекцијата и IP адресата се точни.



Поставување на proxy сервер

Не може да го поставите прокси серверот на таблата. Конфигурирајте го со користење на Web Config.

1. Пристапете до Web Config и одберете **Network Settings** > **Basic**.
2. Изберете **Use** во **Proxy Server Setting**.
3. Одредете го прокси серверот во IPv4 адресата или FQDN формат во **Прокси-сервер** и внесете го бројот на портата во **Proxy Server Port Number**.

   За прокси сервери за коишто е потребна автентикација, внесете го корисничкото име за автентикација на прокси сервер и лозинката за автентикација за проски сервер.

4. Кликнете на копчето **Next**.



5. Потврдете ги поставките и кликнете на **Поставки**.

Поврзани информации

➡ „Пристапување до Web Config“ на страница 23

Поврзување со мрежата со помош на датотеката за инсталација

Препорачуваме да ја употребувате датотеката за инсталација за да го поврзете скенерот со компјутер. Може да ја активирате датотеката за инсталација со користење на една од следниве методи.

❏ Поставување преку интернет страница

Посетете ја следната интернет страница и внесете го името на производот. Одете во **Поставување** и почнете со поставувањето.

http://epson.sn

❏ Поставување со помош на софтверски диск (само за моделите што доаѓаат со софтверски диск и корисници со компјутери со читачи за дискови).

Внесете го дискот со софтвер во компјутерот и следете ги упатствата на екранот.

Избирање на методот на конекција

Следете ги упатствата на екранот додека не се прикаже следниот екран и потоа одберете го методот на поврзување на скенерот со компјутерот.

❏ Windows

Изберете го типот на конекција и потоа кликнете на **Следно**.



❏ Mac OS

Изберете го типот на конекција.



Конекција

Следете ги упатствата на екранот. Потребниот софтвер е инсталиран.

Поставки за функција

Ова поглавје ги објаснува првите поставки што се прават за да може да се употребува секоја функција на уредот.

Софтвер за поставување

Во оваа тема објаснета е процедурата за правење на поставки од компјутерот на администраторо со помош на Web Config.

Web Config (Web Page for Device)

Во врска со Web Config

Web Config е апликација заснована на пребарувач за конфигурација на поставките за скенерот.

За да пристапите на Web Config, мора првин да назначите IP адреса на скенерот.

Белешка:
Може да ги заклучите поставките со конфигурирање на лозинката на администраторот за скенерот.

Има две страници за поставки како што е прикажано подолу.

❏ **Basic Settings**

Може да ги конфигурирате основните поставки за скенерот.



❏ **Advanced Settings**

Може да ги конфигурирате напредните поставки за скенерот. Оваа страница е главно за администраторот.



Пристапување до Web Config

Внесете ја IP адресата на скенерот во интернет пребарувачот. JavaScript мора да биде овозможено. Кога пристапувате до Web Config преку HTTPS, се прикажува порака за предупредување во пребарувачот затоа што користите самопотпишан сертификат, зачуван во скенерот.

❏ Пристапување преку HTTPS

IPv4: https://<IP адреса на скенер> (без < >)

IPv6: https://[IP адреса на скенер]/ (со [ ])

❏ Пристапување преку HTTP

IPv4: http://<IP адреса на скенер> (без < >)

IPv6: http://[IP адреса на скенер]/ (со [ ])

Поставки за функција

Белешка:

❏ *Примери*

IPv4:

https://192.0.2.111/

http://192.0.2.111/

IPv6:

https://[2001:db8::1000:1]/

http://[2001:db8::1000:1]/

❏ *Ако го регистрирате името на скенерот со DNS серверот, може да го користите името на скенерот наместо IP адресата на скенерот.*

Поврзани информации

➡ „SSL/TLS комуникација со скенер“ на страница 63

➡ „Во врска со дигитална сертификација“ на страница 63

Употреба на функциите за скенирање

Во зависност од тоа како го користите скенерот, инсталирајте го следниов софтвер и направете ги поставките користејќи го.

❏ **Скенирање од компјутер**

❏ Потврдете ја валидноста на услугата за мрежно скенирање со Web Config (валидно со фабричка испорака).

❏ Инсталирајте Epson Scan 2 на компјутерот и поставете ја IP адресата

❏ Кога скенирате со користење на задачи, инсталирајте го Document Capture Pro (Document Capture) и поставете ги поставките за задача.

❏ **Скенирање од оперативна табла**

❏ Кога користите Document Capture Pro или Document Capture Pro Server:

Инсталирајте го Document Capture Pro или Document Capture Pro Server

DCP поставка (режим на сервер, режим на клиент).

❏ Кога го користите WSD протоколот:

Потврдете ја валидноста на WSD на Web Config или оперативна табла (валидна со фабричка испорака)

Дополнителни поставки за уред (Windows компјутер).

Скенирање од компјутер

Инсталирајте го софтверот и проверете дали сервисот за мрежно скенирање е овозможен за да скенирате преку мрежа од компјутерот.

Поврзани информации

➡ „Софтвер што треба да се инсталира“ на страница 25

➡ „Овозможување на скенирање на мрежата“ на страница 25

Софтвер што треба да се инсталира

❏ Epson Scan 2

Ова е драјвер за скенер. Ако го употребувате уредот од компјутер, инсталирајте го драјверот на секој компјутер на клиент. Ако е инсталирано Document Capture Pro/Document Capture може да извршувате операции назначени на копчињата на уредот.

Со EpsonNet SetupManager, двигателите за печатач може да бидат испорачани заедно во пакувањата.

❏ Document Capture Pro (Windows)/Document Capture (Mac OS)

Инсталирајте го на компјутерот на клиентот. Може да повикате и да извршите задачи регистрирани на компјутер со Document Capture Pro/Document Capture инсталирани на мрежата од оперативната табла на компјутерот и скенерот.

Може и да скенирате од компјутерот преку мрежата. Epson Scan 2 е потребно за скенирање.

Поврзани информации

➡ „EpsonNet SetupManager“ на страница 56

Поставете ја IP адресата на скенерот на Epson Scan 2

Одредете ја IP адресата на скенерот за да може да го користите скенерот на мрежата.

1. Започнете **Epson Scan 2 Utility** од **Започни** > **Сите програми** > **EPSON** > **Epson Scan 2**.

   Ако друг скенер е веќе регистриран, одете на чекор 2.

   Ако не е регистриран, одете на чекор 4.

2. Кликнете на ▼ на **Скенер**.
3. Кликнете **Поставки**.
4. Кликнете на **Овозможи уредување**, а потоа кликнете на **Додај**.
5. Изберете го името на моделот на скенерот од **Модел**.
6. Изберете ја IP адресата на скенерот којашто сакате да ја користите од **Адреса** во **Барај мрежа**.

   Кликнете на  и кликнете на  за да ја ажурирате листата. Ако не може да ја најдете IP адресата на скенерот, изберете **Внесете адреса** и внесете ја IP адресата.

7. Кликнете **Додај**.
8. Кликнете **Добро**.

Овозможување на скенирање на мрежата

Сервисот за скенирање на мрежата може да го поставите кога скенирате од компјутер на клиент кога сте во мрежата. Овозможена е вообичаената поставка.

1. Влезете во Web Config и одберете **Services** > **Network Scan**.

2. Осигурете се дека е избрано **Enable scanning** од **EPSON Scan**.

   Ако е избрано, задачата е комплетирана. Затворете ја Web Config.

   Ако е избришано, изберете го и одете на следниот чекор.

3. Кликнете **Next**.

4. Кликнете **OK**.

   Мрежата се поврзува повторно и потоа поставките се овозможени.

Поврзани информации

➡ „Пристапување до Web Config“ на страница 23

Скенирање преку контролната табла

Функцијата за скенирање во папка и функцијата скенирање во пошта со користење на контролната табла на скенерот, како и трансферот на скенирањето во пошта, папки итн. се извршуваат со иршување на задача од компјутерот.

Кога префрлате резултати од скенирање, поставете ја задачата со Document Capture Pro Server или Document Capture Pro.

За детали за скенирање и поставување на задача, погледнете ја документацијата или помош за Document Capture Pro Server или Document Capture Pro.

Поврзани информации

➡ „Поставки за Document Capture Pro Server/Document Capture Pro“ на страница 26

➡ „Поставки за сервери и папки“ на страница 27

Софтвер за инсталирање на компјутер

❏ **Document Capture Pro Server**

Ова е верзија на сервер на Document Capture Pro. Инсталирајте на Windows сервер. Може централно да уредувате повеќе уреди и задачи со серверот. Може истовремено да извршувате задачи од неколку скенери.

Со користење на сертифицирана верзија на Document Capture Pro Server, може да уредувате задачи и да историја на скенирање во врска со корисници и групи.

За детали за Document Capture Pro Server, контактирајте со локалната канцеларија на Epson.

❏ **Document Capture Pro (Windows)/Document Capture (Mac OS)**

Исто како и скенирање од компјутер, може да повикате задачи регистрирани на компјутерот од контролната табла и да ги извршите. Не може истовремено да извршувате задачи од неколку скенери.

Поставки за Document Capture Pro Server/Document Capture Pro

Направете поставки за користење на функцијата за скенирање од оперативниот панел на скенерот.

1. Пристапете до Web Config и одберете **Services** > **Document Capture Pro**.

2. Изберете **Режим на работа**.

   ❏ Server Mode:

   Изберете го ова кога го користите Document Capture Pro Server или кога го користите Document Capture Pro само за задачи коишто се поставени за одреден компјутер.

   ❏ Client Mode:

   Поставете го ова кога ќе ја изберете поставката за задача Document Capture Pro (Document Capture) инсталирана на секој компјутер на клиент на мрежата без одредување на компјутерот.

3. Поставете го следново според избраниот режим.

   ❏ Server Mode:

   Во **Server Address**, одредете го серверот на којшто Document Capture Pro Server е инсталиран. Може да биде помеѓу 2 и 252 знаци од IPv4, IPv6, име на хост или FQDN формат. Во FQDN формат, може да користите US-ASCII букви, броеви, азбучни букви, тире (освен почетниот и задниот).

   ❏ Client Mode:

   Одредете **Group Settings** за да користите група на скенер одредена од Document Capture Pro (Document Capture).

4. Кликнете **Поставки**.

Поврзани информации

➡ „Пристапување до Web Config“ на страница 23

Поставки за сервери и папки

Document Capture Pro и Document Capture Pro Server ги зачувуваат скенираните податоци на сервер или на компјутер на сервер еднаш и со функцијата за трансфер ги извршуваат функцијата за скенирањето во папка и функцијата за скенирање во пошта.

Потребна е авторизација и информации за трансфер од компјутерот на којшто Document Capture Pro, Document Capture Pro Server е инсталиран на компјутер или услуга на облак.

Подгответе ги информациите за функцијата којашто ќе ја користите коишто се однесуваат на следново.

Може да направите поставки за овие функции со користење на Document Capture Pro или Document Capture Pro Server. За детали за поставките, погледнете ја документацијата или помош за Document Capture Pro Server или Document Capture Pro.

Име	Поставки	Побарување
Scan to Network папка (SMB)	Создадете и поставете споделување на папката за зачувување	Административна корисничка сметка за компјутер којшто создава папки за зачувување.
	Дестинација за Scan to Network папка (SMB)	Корисничко име и лозинка за најава во компјутерот на којшто е папката за зачувување и привилегијата за ажурирање на папката.
Scan to Network папка (FTP)	Поставување за најава на FTP сервер	Информација за најавување за FTP сервер и привилегија за ажурирање на фолдер за зачувување.

Поставки за функција

Име	Поставки	Побарување
Scan to Email	Поставување за сервер за е-пошта	Поставување информации за сервер за е-пошта
Scan to Document Capture Pro (кога се употребува Document Capture Pro Server)	Поставување за најавување на услуги на облак	Средина за интернет конекција Регистрација на сметка за услуги на облак

Користете WSD скенирање (само за Windows)

Ако компјутерот користи Windows Vista или понова верзија, може да го користите WSD скенирањето.

Кога го користите WSD протоколот, **Компјутер(WSD)** менито ќе се прикаже на контролната табла на скенерот.

1. Пристапете до Web Config и одберете **Services** > **Protocol**.
2. Проверете дали **Enable WSD** е штиклирано во **WSD Settings**.

   Ако е штиклирано, задачата е комплетирана и може да ја затворите Web Config.

   Ако не е штиклирано, проверете го и продолжете со следниот чекор.
3. Кликнете на копчето **Next**.
4. Потврдете ги поставките и кликнете на **Поставки**.

Правење на системски поставки

Правење на системски поставки од контролната табла

Поставување на осветленост на екран

Поставете ја осветленоста на LCD екранот.

1. Допрете на **Поставки** на почетниот екран.
2. Допрете **Општи поставки** > **ЛЦД осветленост**.
3. Допрете на  или на  за да ја приспособите осветленоста.

   Може да приспособувате од 1 до 9.
4. Допрете **Во ред**.

Поставување на звук

Поставете ги звукот за работење на таблата и звукот за грешка.

1. Допрете на **Поставки** на почетниот екран.
2. Допрете **Општи поставки** > **Звук**.
3. Поставете ги следните ставки како што е потребно.
   - ❏ Звук за работење
     Поставете го волуменот на звукот за работење на оперативната табла.
   - ❏ Звук за грешка
     Поставете го волуменот на звукот за грешка.
4. Допрете **Во ред**.

Поврзани информации

➡ „Пристапување до Web Config“ на страница 23

Детекција на двојно внесување на оригинал

Одредете ја функцијата за да детектирате двојно внесување на документ којшто сакате да го скенирање и за да го запрете скенирањето кога ќе дојде до повеќе внесувања.

За да скенирате оригинали за коишто се смета дека се со повеќе внесувања, како на пример пликови или хартија со налепници, поставете ги на исклучено.

Белешка:
Може да ја поставите и од Web Config или Epson Scan 2.

1. Допрете на **Поставки** на почетниот екран.
2. Допрете **Надворешни Поставки за скенирање** > **Ултрасо. откр. на двојно ставање**.
3. Допрете на **Ултрасо. откр. на двојно ставање** за да ја вклучите и за да ја исклучите.
4. Допрете **Затвори**.

Поставување на режим на мала брзина

Поставете за да скенирате со мала брзина за да не дојде до заглавување на хартија при скенирање на тенки документи како на пример мали парчиња на хартија.

1. Допрете на **Поставки** на почетниот екран.
2. Допрете **Надворешни Поставки за скенирање** > **Бавно**.
3. Допрете на **Бавно** за да ја вклучите и за да ја исклучите.
4. Допрете **Затвори**.

Правење на системски поставки со користење на Web Config

Поставки за заштеда на струја за време на неактивност

Направете ги поставките за заштеда на струја кога скенерот има период на неактивност. Поставете го времето во зависност од искористеноста на средината.

Белешка:
Може да ги направите поставките за заштеда на струја на контролната табла на скенерот.

1. Пристапете до Web Config и одберете **System Settings** > **Power Saving**.
2. Внесете го времето за **Sleep Timer** за да се префрлие во режим на заштеда на струја кога има неактивност.

   Можете да поставите до 240 минути.
3. Одберете го времето на исклучување за **Power Off Timer**.
4. Кликнете **OK**.

Поврзани информации

➡ „Пристапување до Web Config“ на страница 23

Поставување на контролниот панел

Поставување за контролниот панел на скенерот. Може да поставувате на следниот начин.

1. Пристапете до Web Config и одберете **System Settings** > **Control Panel**.
2. Поставете ги следните ставки како што е потребно.

   ❏ Language

   Изберете го прикажаниот јазик на контролниот панел.

   ❏ Panel Lock

   Ако одберете **ON**, потребна е лозинката за администратор кога се изведува операција за којашто е потребно овластување на администратор. Ако лозинката за администратор не е поставена, оневозможено е заклучувањето на панелот.

   ❏ Operation Timeout

   Ако одберете **ON** кога се најавувате како администратор, автоматски се одјавувате и преминувате на иницијалниот екран ако нема активност за одреден период од време.

   Можете да поставите помеѓу 10 секунди и 240 минути.
3. Кликнете **OK**.

Поврзани информации

➡ „Пристапување до Web Config“ на страница 23

Поставување рестрикција за екстерниот интерфејс

Можете да ја ограничите USB конекцијата од компјутерот. Поставете ја за да го ограничите скенирањето различно од она преку мрежата.

1. Пристапете до Web Config и одберете **System Settings** > **External Interface**.
2. Изберете **Enable** или **Disable**.

   За да ја ограничите, изберете **Disable**.
3. Допрете **OK**.

Синхронизација на датумот и времето со времето на серверот

Ако употребувате CA сертификат, можете да спречите проблем со времето.

1. Пристапете до Web Config и одберете **System Settings** > **Date and Time** > **Time Server**.
2. Одберете **Use** за **Use Time Server**.
3. Внесете го времето за адресата на серверот **Time Server Address**.

   Може да користите IPv4, IPv6 или FQDN формат. Внесете 252 знаци или помалку. Во спротивно оставете го празно.
4. Внесете **Update Interval (min)**.

   Можете да поставите до 10.800 минути.
5. Кликнете **OK**.

   Белешка:
   *Можете да го потврдите статусот на конекцијата со времето на серверот на **Time Server Status**.*

Поврзани информации

➡ „Пристапување до Web Config“ на страница 23

Основни безбедносни поставки

Ова поглавје ги објаснува основните безбедносни поставки за коишто не е потребна специјална средина.

Вовед во основните безбедносни карактеристики

Ви ги претставуваме основните безбедносни карактеристики за Epson уреди.

Име на карактеристика	Тип на карактеристика	Што да се постави	Што да се спречи
Поставување на лозинката за администратор	Заклучете ги поставките за системот, како на пример мрежни поставки и поставки за USB конекција за само администраторот да може да ги промени.	Администратор поставува лозинка за уредот. Конфигурирање или ажурирање е достапно од каде било од Web Config, контролниот панел, Epson Device Admin, и EpsonNet Config.	Спречување од нелегално отчитување и промена на информациите складирани на уредот како што е ID, лозинка, мрежни поставки и контакти. Исто така, се намалува голем опсег на безбедносни ризици како протекување на информации за мрежната средина или безбедносната политика.
SSL/TLS комуникација	Кога пристапувате на Epson сервер на интернет од уред, како на пример комуникација помеѓу компјутер преку пребарувач или ажурирање на фирмвер, содржината на конекцијата е шифрирана со помош на SSL/TLS комуникација.	Стекнете се со CA потпишан сертификат и потоа импортирајте го во скенерот.	Расчистување на идентификација на уредот преку CA потпишан сертификат спречува имитирање и неавторизиран пристап. Дополнително на тоа, комуникациските содржини на SSL/TLS се заштитени и се спречува протекување на содржина за податоци за печатење и информации за поставување.
Протоколи за контрола	Протоколи за контрола коишто се користат за комуникација помеѓу уреди и компјутери и функции за активирање/деактивирање.	Протокол или услуга што е примената на карактеристики се дозволува или забранува одделно.	Намалување на безбедносните ризици што може да се случат преку ненамерно користење преку спречување на корисниците од употреба на непотребни функции.

Поврзани информации

➡ „Во врска со Web Config“ на страница 22
➡ „EpsonNet Config“ на страница 55
➡ „Epson Device Admin“ на страница 55
➡ „Конфигурирање на лозинка за администратор“ на страница 33
➡ „Контролирање на протоколи“ на страница 35

Конфигурирање на лозинка за администратор

Кога ја поставувате лозинката за администратор, корисници што не се администратори нема да можат да ги менуваат поставките за администрирањето со системот. Лозинката за администратор можете да ја поставувате или менувате со Web Config, контролниот панел на скенерот, или софтверот (Epson Device Admin или EpsonNet Config). Кога го употребувате софтверот, видете ја документацијата за секој софтвер.

Поврзани информации

➡ „Конфигурирање на лозинката за администратор преку контролниот панел“ на страница 33

➡ „Конфигурирање на лозинка за администратор со Web Config“ на страница 33

➡ „EpsonNet Config“ на страница 55

➡ „Epson Device Admin“ на страница 55

Конфигурирање на лозинката за администратор преку контролниот панел

Лозинката за администратор може да ја поставите од контролниот панел на скенерот.

1. Допрете на **Поставки** на почетниот екран.
2. Допрете **Администрир. на систем** > **Администраторски поставки**.

   Ако ставката не е прикажана, благо придвижете екранот нагоре за да се прикаже.
3. Допрете **Лозинка на администраторот** > **Регистрирај**.
4. Внесете ја новата лозинка и допрете на **Во ред**.
5. Внесете ја новата лозинка повторно и допрете на **Во ред**.
6. Допрете на **Во ред** на екранот за потврда.

   Прикажан е екранот со администраторски поставки.
7. Допрете на **Поставка за заклучување**, и потоа допрете на **Во ред** на екранот за потврда.

   Поставка за заклучување е поставено на **Вкл.**, а лозинката за администратор се бара кога работите со заклучена ставка на мени.

Белешка:

❏ *Ако поставите **Поставки** > **Општи поставки** > **Изминато време на операцијата** до **Вкл.**, скенерот ќе ве одјави по период на неактивност во контролниот панел.*

❏ *Кога одбирате **Промени** или **Ресетирај** на екранот **Лозинка на администраторот** и ја внесувате лозинката за администратор, истата можете да ја промените или избришете.*

Конфигурирање на лозинка за администратор со Web Config

Можете да ја поставите лозинката за администратор со Web Config.

1. Пристапете до Web Config и одберете **Administrator Settings** > **Change Administrator Authentication Information**.

2. Внесете лозинка во **New Password** и **Confirm New Password**. Внесете го корисничкото име доколку е потребно.

   Ако сакате да внесете нова лозинка, внесете ја тековната лозинка.



3. Изберете **OK**.

   Белешка:

   ❏ *За да поставувате или менувате заклучени ставки, кликнете на **Administrator Login**, и потоа внесете ја лозинката за администратор.*

   ❏ *За да ја избришете лозинката за администратор, кликнете **Administrator Settings** > **Delete Administrator Authentication Information**, и потоа внесете ја лозинката за администратор.*

Поврзани информации

➡ „Пристапување до Web Config“ на страница 23

Ставки што треба да се заклучат со лозинка за администратор

Администраторите имаат привилегии на поставување и промена на сите карактеристики за уреди.

Исто така, ако поставите лозинка за администратор на уредот, може да ја заклучите за да не може да ги менувате ставките во врска со уредување на уредот.

Следните се ставки коишто може да ги контролира администратор.

Ставка	Опис
Поставки за скенер	Поставка за детекција на двојно внесување и режим со мала брзина.

Основни безбедносни поставки

Ставка	Опис
Поставки Ethernet конекција	Промена на името на уреди и IP адреса, поставување на DNS сервер или Proxy сервер и промена на поставки поврзани со мрежните конекции.
Поставување на кориснички услуги	Поставување на контрола на комуникациски протоколи, мрежно скенирање и Document Capture Pro услуги.
Поставување на сервер за е-пошта	Поставување на сервер за е-пошта со којшто уредите комуницираат директно.
Безбедносни поставки	Поставки за мрежна безбедност како SSL/TLS комуникација, IPsec/IP филтрирање и IEEE802.1X.
Ажурирање на коренов сертификат	Ажурирање на коренови сертификати потребни за Document Capture Pro Server автентикација и ажурирање на фирмвер од Web Config.
Ажурирање фирмвер	Проверка и ажурирање на фирмвер на уреди.
Време, поставување тајмер	Време на транзиција за режим на спиење, автоматско исклучување, тајмер за неработење и други поставки поврзани со тајмер.
Враќање на вообичаени поставки	Поставки за скенерот да се врати во фабричка состојба.
Администраторски поставки	Поставување на администраторско заклучување или лозинка за администратор.
Поставување сертифициран уред	Поставување ID за автентикација на уред. Се поставува кога се употребува скерер на систем за автентикација којшто поддржува уреди за автентикација.

Контролирање на протоколи

Може да скенирате со користење на разни патеки и протоколи. Може да го користите и скенирањето на мрежата од неодреден број на компјутери на мрежата. На пример, дозволено е скенирање со користење на одредени патеки и протоколи. Може да ги намалите ненамерните безбедносни опасности со ограничување на скенирање од одредени патеки или со контролирање на достапните функции.

Конфигурирајте ги поставките за протоколи.

1. Пристапете до Web Config и одберете **Services** > **Protocol**.
2. Конфигурирајте ги сите ставки.
3. Кликнете **Next**.
4. Кликнете **OK**.

   Поставките се применети на скенерот.

Поврзани информации

➡ „Пристапување до Web Config“ на страница 23
➡ „Протоколи коишто може да ги активирате и да ги деактивирате“ на страница 36
➡ „Ставки за поставка на протокол“ на страница 37

Протоколи коишто може да ги активирате и да ги деактивирате

Протокол	Опис
Bonjour Settings	Може да назначите дали ќе користите Bonjour. Bonjour се користи за уреди, скенирање итн.
SLP Settings	Може да ја овозможите или да ја оневозможите функцијата SLP. SLP се користи за Epson Scan 2 и мрежно пребарување во EpsonNet Config.
WSD Settings	Може да ја овозможите или да ја оневозможите функцијата WSD. Кога е овозможено, може да додавате WSD уреди или да скенирате од WSD портата.
LLTD Settings	Може да ја овозможите или да ја оневозможите функцијата LLTD. Кога ова е активирано, се прикажува на Windows мапата на мрежата.
LLMNR Settings	Може да ја овозможите или да ја оневозможите функцијата LLMNR. Кога ова е активирано, може да користите резолуција на име без NetBIOS дури и ако не може да го користите DNS.
SNMPv1/v2c Settings	Може да назначите дали да го активирате или не SNMPv1/v2c. Ова се користи за поставување на уреди, следење итн.
SNMPv3 Settings	Може да назначите дали да го активирате или не SNMPv3. Ова се користи за поставување на шифрирани уреди, следење итн.

Поврзани информации

➡ „Контролирање на протоколи“ на страница 35

➡ „Ставки за поставка на протокол“ на страница 37

Ставки за поставка на протокол



Ставки	Вредност на поставка и опис
Bonjour Settings	

Основни безбедносни поставки

Ставки	Вредност на поставка и опис
